До: Г-дин Беким Ќоку, Претседател на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-дин Аднан Азизи, Заменик-претседател на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-а Велика Стојкова Серафимовска, Член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-дин Пеце Милевски, Член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-дин Емил Спасовски, Член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-а Бисерка Златеска, Член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-дин Тони Јаревски, Член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-дин Павле Арсоски, Член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-дин Благој Бочварски, Член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-дин Митко Трајчулески, Член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-дин Блерим Беџети, Член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-дин Исмаил Јахоски, Член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-дин Бране Петрушевски, Заменик-член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-дин Никола Коњановски, Заменик-член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-дин Зоранчо Јованчев, Заменик-член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-дин Сашо Донев, Заменик-член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-а Даниела Белимова, Заменик-член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-дин Мито Андонов, Заменик-член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-а Соња Мираковска, Заменик-член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-дин Љупчо Николовски, Заменик-член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-дин Садула Дураки, Заменик-член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање
Г-дин Муса Џафери, Заменик-член на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање

Од: Македонско здружение на млади правници-МЗМП Скопје со седиште на ул. „Донбас“ бр. 14/1-6, 1000 Скопје, ЕМБС 5944201, контакт телефон 072 223 963, е-пошта contact@myla.org.mk, застапувано од претседателка Бојана Божиновска Силјановска

Предмет: Барање за поднесување на амандмани на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина (*), архивски број 08-5512/1

Почитувани пратеници,

Владата на Република Северна Македонија на 4.9.2026 година до Собранието на Република Северна Македонија доставила Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина (*), заведен под архивски број во Собранието 08-5512/1.

Како членови на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање (во понатамошниот дел од ова барање: Комисијата), кое е матично работно тело за конкретниот закон, се обраќаме до Вас со цел да Ве известиме за определени аспекти од предложениот закон кои, доколку се усвојат, ќе наштетат на владеењето на правото, правната сигурност и заштитата на животната средина. Оттука, бараме во понатамошниот тек на постапката да предложите амандмани со кои наместо уназадување, предложениот закон ќе се унапреди и ќе ја зацврсти правната заштита на животната средина.

1. **Предложеното бришење на членовите кои ги регулираат контаминираните подрачја ќе создаде правна празнина и негативно ќе влијае на заштитата на животната средина и здравјето на луѓето**

Во Република Северна Македонија постојат повеќе „еколошки жешки точки“, односно контаминирани подрачја кои се остаток од поранешни индустриски капацитети и рудници кои иако престанале да работат, а зад себе оставиле различни типови и количини на опасен и канцероген отпад кој не е заштитен и тој континуирано предизвикува штета по животната средина и здравјето на луѓето.

Во Планот за затворање на нестандардните депонии во Република Македонија, изготвен во 2011 година, се идентификувани 16 индустриски контаминирани локации – „жаришта“, додека во Планот за управување со отпад на Република Северна Македонија за 2021-2031, изготвен во 2021 година, се идентификуваат 7 такви „жешки точки“, односно:

1. ОХИС - Хлорно-алкална постројка, Постројка за линдан, Депонија за HCH, Депонија (локација со висок ризик во Скопје)
2. Лојане - поранешен рудник за хром, арсен и антимон (локација со висок ризик во Куманово)
3. Макстил - фабрика за железо и челик (локација со среден ризик во Скопје)
4. РЕК Битола – енергетска централа и рудник за јаглен (локација со среден ризик во Битола)
5. Југохром – депонија со шестовалентен хром во Јегуновце (локација со среден ризик во Тетово)
6. МХК Злетово – ѓубрива (локација со низок ризик во Велес)
7. РЕК Осломеј – енергетска централа и рудник за јаглен (локација со низок ризик во Кичево)

Министерството за животна средина и просторно планирање и Владата се свесни за ризикот и опасноста кои ги носат секоја од овие жешки точки, па поради тоа во текот на 2007 година биле изработени физибилити студии за секоја од овие 7 „жешки точки“ во кои детално се проценети сите нивни ризици, потребните активности и финансиската рамка за нивно санирање. Сепак, единствено за ОХИС се преземаат чекори за санирање на дел од жешката точка, додека

останатите и понатаму претставуваат сериозен ризик по животната средина и здравјето на луѓето.

Како за илустрација, во Југохром има огромна количина на шестовалентен хром, кој е силно растворлив во вода, па поради тоа со секој дожд растворениот шестовалентен хром се собира во пречистителна станица која нема доволен капацитет да ги прифати сите загадени води па на крајот вака загадената вода, понира во подземните води, истекува во реката Вардар и се акумулира во околните земјишта. Како резултат, животната средина е силно загадена со супстанци кои предизвикуваат рак и други сериозни болести кои влијаат на човековото здравје, а понирањето во подземните води сериозно го загрозува и изворот за водоснабдување со вода за пиење Рашче, од кој со вода за пиење се снабдува цело Скопје.

Од друга страна, како резултат на работата на поранешниот рудник во Лојане и несоодветното управување со опасниот концентриран отпад на арсен и антимон, помеѓу селата Лојане и Ваксинце има повеќе од 450.000 тони јаловина на арсен и антимон со концентрација од 1-2%, и околу 10.000 тони чист арсенов концентрат, а во Табановце има околу 5.000 тони чист арсенов концентрат. Овој високо токсичен отпад во вид на прашкаста форма, се наоѓа на отворено без никаква заштита, па при секое струење на воздухот, истиот се разнесува во околината и се вдишува од жителите. Овие честички доведуваат до рак и појава на опасни болести кои штетат на човековото здравје.

Илустрацијата за состојбата и последиците од само овие две „жешки точки“ е доволно за да се сфати опасноста и големината на проблемот кој постои во државата. Поради тоа што решавањето на контаминираното подрачје ОХИС започна ad hoc, без постоење на правна рамка за постапување со ваквите подрачја, во 2022 година се воведоа членовите 28-1, 28-б, 28-в и 28-г со кои се воспостави системска правна рамка за овие подрачја. Воведувањето на овие членови беше позитивен исчекор во квалитетот на македонското законодавство за заштита на животната средина затоа што воспостави правила за мониторинг и санирање на контаминираните подрачја засновано на науката, а истовремено предвиди во идните договори за концесија за ваквите подрачја задолжителен услов да е санирање на контаминираното подрачје преку изработка, спроведување и следење на посебен план за ремедијација.

Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (*), кој се наоѓа во законодавна процедура и ќе се најде на седница пред Вашата комисија, во членот 13 предвидува да се избришат токму членовите 28-а, 28-б, 28-в и 28-г. Ваквиот предлог на Владата, односно Министерството за животна средина и просторно планирање претставува назадување на македонската правна рамка и повторно ќе доведе до ситуација во која во државата нема да постојат правила по кои ќе се санираат овие контаминирани подрачја. Истовремено ова ќе значи дека во идните договори за концесија за некое од овие контаминирани подрачја нема да мора да се предвиди обврската за нивното санирање, што практично значи дека концесионерот ќе ги искористи од тој простор материите кои му се економски исплатливи, а проблемот повторно ќе го остави на државата и граѓаните.

Општество и правен систем во кое однапред не се познати правилата, не се дефинираат клучните институции и нивните обврски и одговорности, не е општество и правен систем кое е посветено на заштита на животната средина и во кое владее правото и има правна сигурност. Ad hoc решавањето на ваквите подрачја преку „измислување“ на различни комитети, различни извештаи и документи за секое одделно контаминирано подрачје, без тие да бидат унифицирани во форма и содржина за сите контаминирани подрачја, штети на државата и животната средина.

Доколку државата планира овие одредби да бидат сместени во друг закон, неоправдано е и недозволено е, во ситуација кога во Собрание не е поднесен ваков закон, сега да се избришат одредбите кои ја даваат правната и системска основа за постапување со контаминираните подрачја и да се создаде правен вакум се додека не се најде друго соодветно законско решение.

На крајот би сакале да истакнеме дека иако во Предлог на законот е наведено дека неговата цел е усогласување со Директивата 2014/52/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 16 април 2014 година, конкретниот член 13 воопшто не е дел од било какво усогласување со ваквата директива. Предмет на регулација на Директивата е постапката за оцена на влијанието врз животната средина, а конкретниот член 13 од Предлог на законот воопшто не е на никаков начин поврзан со постапката за оцена на влијание врз животната средина, па поради тоа и не би требало да биде дел од овој предлог закон.

За да се спречат ваквите негативни последици, а државата и понатаму да има позитивно право кое обезбедува системско постапување со контаминираните подрачја бараме да предложите амандман со кој членот 13 од Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (*) ќе се избрише.

2. **Во постапките за одобрување на елаборатите за заштита на животната средина мора да биде дозволено граѓаните да може да учествуват во процесот и да имаат пристап до правда**

Воведувањето на елаборатите за заштита на животната средина од страна на законодавецот во 2005 е одлично решение бидејќи за дејностите за кои инаку не би требало да се спроведува постапка за оцена на влијание врз животната средина и да се изработи студија, станала обврска изработка на елаборат за заштита на животната средина со кој ќе се врши анализа на штетите по животната средина од конкретната дејност и ќе се предвидуваат мерки за нивно минимизирање. Но, реализацијата на овие елаборати во практиката останува проблематична.

Во практиката елаборатите се изготвуваат без теренски увид на состојбите и само врз основа на застарена документација, квалитетот на елаборатите е спорен поради тоа што не се предвидени сите штети што еден проект може да ги има по животната средина и не се предвидени соодветни мерки за нивно минимизирање. Министерството за животна средина и просторно планирање поради ограничените капацитети не ја врши соодветно својата улога на контролор на квалитетот на елаборатите, а граѓаните воопшто немаат информации дека во нивната локална средина се планира спроведување на некаков проект, немаат навремен пристап и увид во таквиот елаборат, не можат да ги достават своите коментари и забелешки, ниту пак имаат пристап до правда и можност да ги оспорат пред надлежните правосудни органи решенијата со кои се одобруваат ваквите елаборати.

Потврда на ваквите тврдења се наодите на Државниот завод за ревизија кој во Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема „Експлоатација на водни ресурси при производство на електрична енергија“ од 2021 година, а Енергетската заедница во своите извештаи укажува дека спроведувањето на елаборати за проектите за изградба на фотоволтаични централи наместо спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина не е во согласност со правото на ЕУ.

Недостатоците во квалитетот на елаборатите и надополнување на функцијата која треба да ја врши Министерството за животна средина и просторно планирање може да ја имаат граѓаните, особено локалното население кое живее во областа каде еден проект треба да се спроведе и кое најдобро си ја знае својата средина. Сепак, за граѓаните да може да ја вршат оваа функција треба да имаат информација за проектите кои се планираат во нивната средина, да имаат навремен

пристап до изработениот елаборат и да може да ги дадат своите писмени коментари и забелешки пред истиот да биде одобрен, но и да може истиот да го оспорат пред правните механизми кои се веќе воспоставени во правниот систем на Северна Македонија.

Во однос на учеството на граѓаните во постапката за одобрување на елаборатите и правото на пристап до правда, би сакале да укажеме дека овие права се дел од членот 6 и членот 9 од Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашањата поврзани со животната средина (Архуска конвенција) која државата ја има ратификувано со закон за ратификација објавен во Службен весник бр. 40/99. Оттука предвидувањето на овие права за граѓаните во постапките за одобрување на елаборатите за заштита на животната средина не значат само унапредување на состојбите туку и подобро спроведување и усогласување на националното законодавство со меѓународните стандарди воспоставени токму со Архуската конвенција.

Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (*), кој се наоѓа во законодавна процедура и ќе се најде на седница пред Вашата комисија, во членот 12 предвидува изменување на членот 24 од постоечкиот Закон за животната средина кој ги регулира токму елаборатите за заштита на животната средина. Сепак, иако измените воведуваат некои позитивни аспекти во однос на елаборатите, <u>повторно граѓаните нема да имаат можност да учествуваат во постапките за одобрување на елаборатите и да ги достават своите коментари и забелешки, ниту пак да имаат пристап до правда и да може решенијата за одобрување на елаборатите да ги оспорат пред надлежните институции.</u>

Во ставот 14 на членот 24, кој со членот 12 од Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (*) се предлага да се додаде, се упатува на прибавување мислење за оцена на влијанието на проектот врз природата согласно Законот за заштита на природата. Би сакале да укажеме дека важечкиот Закон за заштита на природата не предвидува посебна постапка за „оцена на влијанието на проектите врз природата“, па оттука нејасна е одредбата која се предлага да се додаде во Законот за животната средина.

Дури и ако Владата, односно Министерството за животна средина и просторно планирање го антиципира донесувањето на новиот Закон за природа, кој во мај 2026 година беше објавен на ЕНЕР, укажуваме дека и во тој закон не е предвидена посебна постапка за „оцена на влијанието на проектите врз природата“ туку законот јасно упатува на одредбите од Законот за животната средина. Од друга страна Законот за природата кој беше објавен на ЕНЕР воспоставува посебна постапка именувана како „соодветна оцена“, но Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (*) воопшто не упатува на таа постапка. Поради сето ова, воведувањето на ставот 14 во членот 24 од Законот за животната средина во практиката може да доведе до нејаснотии во применувањето и непредвидливост за инвеститорите кои нема да знаат за кои проекти се прибавува посебно мислење од Секторот за природа во Управата за животна средина, како орган во состав на Министерството за животната средина.

Поради нејаснотиите во однос на воведувањето на ставот 14 во членот 24 од Законот за животната средина, предлагаме Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање да ги повика овластените предлагачи на седница на работното тело и од нив да побара дополнителни појаснувања.

Врз основа на сето наведено во оваа точка, а заради подобро регулирање на елаборатите за заштита на животната средина, унапредување на правната заштита на животната средина и

зголемување на правата на граѓаните во постапките поврзани со елаборатите за заштита на животната средина, предлагаме да се поднесе следниот амандман:

Се изменува членот 12 од Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (*) и се додаваат четири нови става (21), (22), (23) и (24) кои гласат:

„(21) По добивање на барањето за одобрување на елаборатот, органите од ставовите (4) и (5) се должни веднаш да ги објават на својата интернет страна барањето и елаборатот.

(22) Јавноста има право во рок од 15 дена од денот на објавување на барањето и елаборатот, до органите од ставовите (4) и (5) да доставaт мислења, предлози и забелешки. Органите од ставовите (4) и (5) ги земаат предвид добиените мислења и забелешки при одобрувањето на елаборатот. Органите од ставовите (4) и (5) подготвуваат поединечен или збирен одговор на доставените мислења и забелешки од јавноста и извештајот од консултациите со јавноста го објавуваат на својата интернет страница.

(23) Решението од ставот (7) се објавува на интернет страницата на органите од ставовите (4) и (5).

(24) Засегнатата јавност има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот објавата на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.“

Ставовите (21), (22) и (23) стануваат (25), (26) и (27).

3. **Процесот на изготвување на Предлог на законот не беше доволно транспарентен, па нејасни се определени одредби од Предлог на законот**

Би сакале да укажеме дека пред поднесувањето на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (*) во Собранието, во март 2025 година на ЕНЕР беше објавена Нацрт верзијата на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина. Македонското здружение на млади правници и други граѓански организации и компании поднесоа коментари на нацрт верзијата, но од Министерството за животна средина и просторно планирање никогаш не беше добиен одговор на доставените коментари, иако тоа е задолжителен дел од постапката за процена на влијанието врз регулативата, регулирана со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата и Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценка на влијанието на регулативата.

Истовремено со оглед на тоа што нацрт верзијата објавена на ЕНЕР и предлогот на законот се разликуваат во одредени делови, фактот што Министерството за животна средина и просторно планирање не обезбеди одговор на коментарите на Македонското здружение на млади правници, нема објавени никакви дополнителни информации за разликите помеѓу двете верзии на законскиот текст, ниту има било какви дополнителни информации за тоа во Предлог извештајот за проценка на влијанието врз регулативата, влијае на нетранспарентноста на целиот процес и неможност да се сфати целта на разликите во законските текстови.

Поради ова, би сакале да укажеме на конкретни одредби од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (*) кои сметаме дека може да предизвикаат проблеми во примената и за кои сметаме дека Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање треба да побара дополнителни појаснувања од овластениот предлагач, односно да интервенира со амандмани во предложениот

законски текст. Истовремено во овој дел би сакале да укажеме на потребата од дополнително изменување на одредени одредби од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (*), кои би придонеле до поквалитетен законски текст и подобра заштита на животната средина.

Предлогот на законот во членот 2 предвидува измена на членот 20 став 1 алинеја 2 од Законот за животната средина на начин што зборовите „или реконструкција“ ќе се избришат. Ваквата измена не беше дел од Нацртот на законот, па нејасно е зошто Владата, односно Министерството за животна средина и просторно планирање сакаат да се избрише реконстукцијата од конкрената одредба. Укажуваме дека моменталната одредба која со Предлогот на законот се планира да се измени забранува градење или реконструкција на нови инсталации од тешка и загадувачка индустрија (Г1) на растојание помало од пет километри од населено место или заштитено природно подрачје. Имајќи ја предвид дефиницијата за „реконструкција“ од Законот за градење, со усвојување на предложената измена, се намалува заштитата на животот и здравјето на луѓето и заштитените подрачја па во недостаток на јавно објавени информации нејасна е целта на предложеното изменување. Истовремено укажуваме дека ваквата измена не е никако поврзана со усогласување со Директивата 2014/52/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 16 април 2014 година. <u>Поради ова предлагаме Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање да побара дополнителни појаснувања од овластениот предлагач.</u>

Во членот 22 од Предлогот на законот, со кој се менува членот 76 став (2) од Законот за животната средина, во вториот ред сметаме дека по зборовите „ индиректни влијанија“ треба да се додаде запирка и да се додадат зборовите „вклучително и кумулативните влијанија со други постојни или планирани проекти“. Ниту еден проект не функционира сам за себе и во постапките за оцена на влијанието врз животната средина е особено важно да се согледа како тој проект ќе влијае на животната средина заедно со другите проекти кои веќе се спроведуваат или се планира да се спроведуваат на конкретниот простор. Согледувањето и оценувањето на ваквите кумулативни влијанија заземаат важно место во секоја постапка за оцена на влијанието врз животната средина, па неговото потенцирање во овој член ќе придонесе кон поквалитетно законодавство и поголема заштита на животната средина. <u>Оттука, предлагаме Комисијата да интервенира амандмански на начин што во членот 22 од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (*) со кој се менува членот 76 став (2) од Законот за животната средина, по зборовите „индиректни влијанија“ се додава запирка и се додаваат зборовите „вклучително и кумулативните влијанија со други постојни или планирани проекти“.</u>

Во членот 26 од Предлогот на законот со кој се менува членот 80 од Законот за животната средина, укажавме и претходно дека во сегашниот Закон за заштита на природата не постои посебна постапка за оцена на влијанијата врз природата и таа терминологија е синоним на постапката за оцена на влијанието врз животната средина од Законот за животната средина. Исто така претходно укажавме дека дури и Министерството за животна средина и просторно планирање да антиципирало Законот за животната средина да го усогласи со Законот за природата кој моментално не е во законодавна постапка во Собранието туку единствено е објавен на ЕНЕР во мај 2026 година, дури и во тој закон нема посебна постапка за оцена на влијанието врз природата. Поконкретно членот 25 од Нацрт на Законот за природата, објавен на ЕНЕР во мај 2026 година, укажува дека нема посебна „постапка за оцена на влијанијата врз природата“, туку тоа е „постапка за оцена на влијанијата врз животната средина согласно Законот за животната средина“. Нацрт на Законот за природата во членот 86 уредува постапка за „соодветна оцена“, но тоа не е постапката на која се повикува Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (*). Поради тоа предложените измени на членот 80 од Законот за животната средина, во делот од ставот (4) до ставот (10), може да предизвикаат нејаснотии и забуни во практиката при нивното спроведување, па


адреса: Донбас бр.14/6 Скопје тел: +38972223963 e-mail: contact@myla.org.mk

Секторот за природа да не знае какво мислење треба да обезбеди, како и во каква постапка треба истото да го изготви. Поради ова предлагаме Комисијата а побара дополнителни појаснувања од овластениот предлагач.

Во членот 27 од Предлогот на законот со кој се менува членот 81 од Законот за животната средина нејасна е разликата во однос на рокот за поднесување на жалба во споредба со текстот од Нацрт законскиот текст. За разлика од Нацрт законскиот текст кој во ставот 9 предвидуваше дека рокот за жалба се определува согласно правилата од општата управна постапка, кои предвидуваат дека рокот за жалба е 15 дена, Предлогот на законот го скратува овој рок на само 8 дена. Нејасна е потребата за речиси двојно кратење на рокот за поднесување на жалба со оглед на тоа што Законот за општата управна постапка јасно предвидува дека рокот за поднесување на жалба изнесува 15 дена. Дополнително укажуваме дека ваквата разлика и промена во Предлогот на законот не е во ниту еден случај поврзана со усогласување со Директивата 2014/52/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 16 април 2014 година. Поради тоа предлагаме Комисијата да интервенира амандмански на начин што во членот 27 од Предлогот со кој се менува членот 81 од Законот за животната средина, во ставот (9) зборот „осум“ се заменува со бројот „15“.

Поврзано со истиот член и она што го наведовме во точката 2 од ова барање, во членот 27 од Предлогот на законот се воведува позитивна промена во ставот (6) со која во случаите кога за определен проект ќе се утврди дека нема потреба од спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина, се утврдува дали за проектот треба да се изработи елаборат за заштита на животната средина. Имајќи ја потребата граѓаните да бидат навремено информирани за проектите кои ќе се спроведуваат во нивната локална заедница и да може да учествуваат во процесите за одобрување на елаборатите и решенијата за нивното одобрување да може да ги оспорат, а на што укажавме во точката 2 од ова барање, сметаме дека е потребна измена во членот 27 од Предлогот на законот во оваа насока. Поради тоа предлагаме Комисијата да интервенира амандмански на начин што во членот 27 од Предлогот со кој се менува членот 81 од Законот за животната средина, во ставот (7) по зборовите „ставот (5)“ се додава „и (6)“, а во ставот (9) по зборовите „ставот (5)“ се додава „и (6)“.

Во членот 28 од Предлогот на законот, со кој се менува членот 83 од Законот за животната средина, во ставот (6) е предвидено дека рокот за консултации не може да биде пократок од 30 дена и не подолг од 45 дена. Нејасно е зошто е направена ваквата измена со оглед на тоа што во Нацртот на законот, рокот за консултации беше предвидено „да не може да биде пократок од 30 дена и не подолг од 60 дена“. Имајќи ја предвид разликата во законските текстови, нејасно е зошто се крати должината на рокот за консултации од 15 дена. Поради тоа предлагаме Комисијата да интервенира амандмански на начин што во членот 28 од Предлогот на законот со кој се менува членот 83 од Законот за животната средина, во ставот (6) бројот „45“ се заменува со бројот „60“.

Во членот 29 од Предлогот на законот, со кој се менува членот 84 од Законот за животната средина, Владата, односно Министерството за животна средина и просторно планирање, го зазеле ставот дека содржината на студијата за оцена на влијанието врз животната средина треба да биде законска материја, па во ставот 1 се набројани елементите кои треба да бидат дел од студијата. Директивата 2014/52/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 16 април 2014 година во членот 3 став (3) предвидува дека се заменува членот 3 од Директивата 2011/92/ЕУ на начин што се предвидува дека студијата за животна средина во себе содржи 6 аспекти, но исто така упатува и на Анексот IV каде се набројани дополнителни 10 аспекти. Спротивно на вака дефинираните обврски од Директивата 2014/52/ЕУ, во Предлогот на законот недостасуваат десетте аспекти кои се наведени во Анексот IV, а нејасно се упатува на елементи кои треба да бидат содржани во известувањето за намера за спроведување на проект од членот 80 став (13)

од Законот за животната средина. На овој начин, сметаме дека членот 29 од Предлогот на законот не е целосно усогласен со Директивата 2014/52/ЕУ. Поради ова предлагаме Комисијата да интервенира амандмански на начин што во членот 29 од Предлогот на законот, во ставот (1) во точката (ѓ) се додаваат и следните алинеи:

— Опис на проектот, особено:
  (а) опис на локацијата на проектот;
  (б) опис на физичките карактеристики на целиот проект, вклучително, каде што е релевантно, потребните работи за рушење, како и барањата во однос на користењето на земјиштето во текот на фазите на изградба и функционирање;
  (в) опис на главните карактеристики на оперативната фаза на проектот (особено на производниот процес), на пример, потребната и користената енергија, природата и количината на материјалите и природните ресурси (вклучително вода, земјиште, почва и биолошка разновидност) што се користат;
  (г) процена, според вид и количина, на очекуваните остатоци и емисии (како што се загадувањето на водата, воздухот, почвата и подземјето, бучавата, вибрациите, светлината, топлината и зрачењето), како и на количините и видовите отпад што ќе се создаваат во текот на фазите на изградба и функционирање.
— Опис на разумните алтернативи (на пример, во однос на проектантското решение, технологијата, локацијата, големината и обемот) што ги разгледал инвеститорот, а кои се релевантни за предложениот проект и неговите специфични карактеристики, како и наведување на главните причини за избор на избраната опција, вклучително и споредба на влијанијата врз животната средина.
— Опис на релевантните аспекти на постојната состојба на животната средина (основно сценарио) и преглед на веројатниот развој на состојбата без спроведување на проектот, доколку природните промени во однос на основното сценарио можат да се проценат со разумен напор, врз основа на достапноста на информациите за животната средина и научните сознанија.
— Опис на факторите врз кои проектот веројатно значително ќе влијае: населението, здравјето на луѓето, биолошката разновидност (на пример, фауната и флората), земјиштето (на пример, зафаќањето на земјиштето), почвата (на пример, органската материја, ерозијата, набивањето, запечатувањето), водата (на пример, хидроморфолошките промени, количината и квалитетот), воздухот, климата (на пример, емисиите на стакленички гасови, влијанијата релевантни за адаптацијата), материјалните добра, културното наследство, вклучително архитектонските и археолошките аспекти, и пределот.
— Опис на веројатните значителни влијанија на проектот врз животната средина кои произлегуваат, меѓу другото, од:
  (а) изградбата и постоењето на проектот, вклучително, каде што е релевантно, работите за рушење;
  (б) користењето на природните ресурси, особено земјиштето, почвата, водата и биолошката разновидност, земајќи ја предвид, колку што е можно, одржливата достапност на овие ресурси;
  (в) емисијата на загадувачки материи, бучавата, вибрациите, светлината, топлината и зрачењето, создавањето непријатности, како и отстранувањето и преработката на отпадот;
  (г) ризиците за здравјето на луѓето, културното наследство или животната средина (на пример, како резултат на несреќи или катастрофи);
  (д) кумулативното влијание со други постојни и/или одобрени проекти, земајќи ги предвид сите постојни проблеми во животната средина поврзани со подрачја од особено значење за животната средина кои веројатно ќе бидат засегнати, или со користењето на природните ресурси;

(ѓ) влијанието на проектот врз климата (на пример, природата и обемот на емисиите на стакленички гасови) и ранливоста на проектот на климатските промени;
(е) употребените технологии и супстанции.

- Описот на веројатните значителни влијанија врз факторите кои треба да ги опфати директните влијанија и сите индиректни, секундарни, кумулативни, прекугранични, краткорочни, среднорочни и долгорочни, постојани и привремени, позитивни и негативни влијанија на проектот. При овој опис треба да се земат предвид целите за заштита на животната средина утврдени кои се релевантни за проектот.
- Опис на методите за предвидување или доказите што се користени за идентификување и процена на значителните влијанија врз животната средина, вклучително и детали за тешкотиите (на пример, технички недостатоци или недостаток на знаење) со кои се соочиле при собирањето на потребните информации и главните присутни неизвесности.
- Опис на предвидените мерки за избегнување, спречување, намалување или, доколку е можно, компензирање на сите идентификувани значителни негативни влијанија врз животната средина и, каде што е соодветно, на сите предложени аранжмани за мониторинг (на пример, подготовка на анализа по спроведувањето на проектот). Во описот треба да се објасни степенот до кој значителните негативни влијанија врз животната средина се избегнуваат, спречуваат, намалуваат или компензираат, и треба да бидат опфатени и фазата на изградба и оперативната фаза.
- Опис на очекуваните значителни негативни влијанија на проектот врз животната средина кои произлегуваат од ранливоста на проектот на ризици од големи несреќи и/или катастрофи кои се релевантни за конкретниот проект. За оваа цел може да се користат релевантните достапни информации и информации добиени преку проценки на ризикот согласно законодавството. Каде што е соодветно, овој опис треба да ги вклучува мерките предвидени за спречување или ублажување на значителните негативни влијанија на таквите настани врз животната средина, како и деталите за подготвеноста и предложениот одговор при такви вонредни состојби.
- Нетехничко резиме на информациите.
- Референтен список со детални информации за изворите што се користени за описите и проценките содржани во извештајот.

Во членот 41 од Предлогот на законот, со кој се менува членот 90 став (1) од Законот за животната средина, би сакале да го истакнеме како позитивно тоа што законодавецот предвидува активна улога и обврска на општините за информирање на граѓаните за постапките за оцена на влијанието врз животната средина за конкретни проекти. Сепак истиот член предвидува додавање на нов став (2) кој инаку го нема во Нацрт законскиот текст објавен на ЕНЕР. Со предлогот да се воведе новиот став (2) се дава можност во ситуација кога некоја од претходно наведените информации не се објави на начин кој претходно е опишан во ставот (1), објавата на информацијата да се врши само во „еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија“. Со оглед на разликата во законскиот текст помеѓу Нацрт законскиот текст и Предлогот на законот, нејасно е зошто дополнителното објавување на информациите е ограничено само во дневен весник, а не и на интернет страната на Министерството за животна средина и просторно планирање. Ова особено од причина што читаноста на дневните весници во државата е на многу ниско ниво, па објавата на било која информација само во дневен весник на никој начин нема да допринесе за зголемување на информираноста на населението. Би сакале да Ви укажеме и на практиката на Комитетот на Архуската конвенција кој кога цени дали определена држава преземала соодветни чекори за определена информација од областа на животната средина да допре до граѓаните, ценела и колкав е продорот на информацијата преку конкретното средство за информирање. Оттука објавувањето на определена информација само во дневен весник, би можело да биде спротивно

и на стандардите на Архуската конвенција, која напоменавме погоре дека е ратификувана од државата во 1999 година. Поради тоа предлагаме Комисијата да интервенира амандмански на начин што во членот 41 од Предлогот на законот со кој се менува членот 90 од Законот за животната средина, во ставот (2) по зборовите „Република Северна Македонија“ се додаваат зборовите „и на својата интернет страница“.

Во однос на членот 41 од Предлогот на законот, со кој се менува членот 90 од Законот за животната средина, искуството и анализата на спроведувањето на националното законодавство кои секојдневно ги спроведува Македонското здружение на млади правници укажуваат на формалистичко спроведување на законодавството, пред се од страна на општините, во однос на начините за објавување и ширење на информациите поврзани со животната средина, вклучително и информациите за можностите јавноста да учествува во процесот на донесување одлуки во областа на животната средина. Ова најпрактично значи дека општините одбиваат известувањата и информациите да ги објавуваат и на своите официјални профили на социјалните мрежи поради тоа што тоа не е обврска предвидена во законот. Иако голем број од граѓаните секојдневно користат социјални мрежи и информациите полесно стигнуваат до граѓаните преку социјалните мрежи, само затоа што тоа не е предвидено како обврска во закон, општините одбиваат да ги објавуваат ваквите информации и на социјалните мрежи. Од друга страна, Комитетот на Архуската конвенција кога испитува дали државата е во согласност со стандардите од Архуската конвенција, испитува дали начините на кои се објавуваат информациите се соодветни за тие да допрат до поголем број на граѓани. Со цел на општините и другите државни органи да им се даде до знаење дека континуирано треба да изнаоѓаат дополнителни начини за објавување на информациите за истите да стигнат до поголем број на луѓе, притоа запазувајќи ги законски задолжителните начини на објавување, предлагаме Комисијата да интервенира амандмански на начин што во членот 41 од Предлогот на законот со кој се менува членот 90 од Законот за животната средина, по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи „Начинот на објавување на податоците и документите опишани во овој член, треба да се применуваат како минимум стандарди и не треба да исклучуваат примена и на други начини на објавување чија цел е посеопфатно информирање на јавноста, во согласност со одредбите од Архуската конвенција и одлуките на Комитетот кон Архуската конвенција“, новододадениот став (3) станува став (4), а ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (5), (6) и (7).

***

Македонското здружение на млади правници однапред Ви благодари за одвоеното време да го разгледате ова барање и искрено се надеваме дека сериозно ќе ги земете предвид аргументите и ставовите изложени во истото и истите ќе бидат дел од расправата пред Комисијата во врска со Предлогот на законот за измени и дополнувања на Законот за животната средина..

Македонското здружение на млади правници Ви стои на располагање за дополнителни информации и дискусија за аспектите истакнати во ова барање или за други аспекти кои сметате дека би Ви биле од корист, а се поврзани со одредбите од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (*).

Лице за контакт: Бојан Трпевски, е-пошта btrpevski@myla.org.mk и телефонски број 074 601 004.

Македонско здружение на млади правници
Претседателка
Бојана Божиновска Силјановска